**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**Ракометната Федерација на Македонија објавува:**

**КОНКУРС**

Согласно Член 5 од Пропозициите за пионерски лиги, за организација на Final Four финален турнир во пионерска машка конкуренција, за клубови од пионерска машка лига I,II, III и IV група за организатор на Final Four натпревар за 1-во пласираните екипи по групи (екипи кои ќе учествуваат за пионерски првак на Република Македонија, кој треба да се одигра на 30 или 31 Март 2019 год.

Победниците играат за 1-во и 2-ро место, а поразените за 3-то и 4-то место.

Организацијата на финалниот турнир ќе ја добие екипа или субјектот што ќе достави пријава со најдобри услови.

Минимални услови за добивање на организација се:

- уплата за пехари и медали во РФМ за I-во, II-ро и III-то место, како и пехари за најдобар стрелец, голман и играч, во висина од 18.000,00 ден.;
- покривање на трошоци за спортска сала;
- покривање на трошоци за службени лица;
- покривање на трошоци за редарска служба;
- покривање на трошоци за медицинско возило;
- покривање на трошоци за ПП бригада.

Последните три ставки се ставени согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортските натпревари.

Сите заинтересирани за организација доставуваат пријава до Ракометната Федерација на Македонија (адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу 15, п.фах 271, Скопје) во писмена форма во затворен плик со назнака (за Конкурс) или на е-маил: ddamjanovska@macedoniahandball.com.mk . Конкурсот трае од 18.03.2019 до 25.03.2019 год. до 10:30h (секоја пријава после 10:30h нема да биде предмет на разгледување) и е објавен на веб страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk

Состанок со екипите и заинтересираните субјекти за организација на Final Four финалниот турнир по групи и отворање на пријавите, ќе се одржи во просториите на Ракометната Федерација на Македонија на ден 25.03.2019 год. (понеделник) со почеток во 10:30 часот.

Изготвил:
Координатор за кадетски и пионерски лиги
Даниела Дамјановска

Потврдил:
Комесар за младински натпревари
Јовица Крстаноски